Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04-1680/14
од 06-05-2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 10 и член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.84/2025

1.За извршител на работно место **раководител на одделение за месни заедници, невладини организации и социјална заштита**, **Сектор за месна самоуправа и социјална заштита** со шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000 , се избира кандидатот

- **Надица Спасовска Трајановски** со идентификациски код 1А9242С.

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас бр.84/2025, објавен на ден 28.03.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха за потреба од вработување на административни службеници – 1 извршител во Општина Кисела Вода за работно место раководител на одделение за месни заедници, невладини организации и социјална заштита, Сектор за месна самоуправа и социјална заштита, преку спроведување на постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение од Агенцијата за администрација бр.10-569/3 од 03.04.2025 година и наш арх.бр.04-1680/7 од 14.04.2025 година, спроведе постапка за административна селекција за административен службеник со Записник бр.10-569/4 од 14.4.2025 година и наш арх.бр.04-1680/9 од 14.04.2025 година, Испит за административен службеник со Записник бр.10-569/5 од 28.04.2025 година и наш.арх.бр.04-1680/10 од 28.04.2025 година, како и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-569/6 од 30.04.2025 година и наш арх.бр.04-1680/12 од 30.04.2025 година.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Согласно член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22) и врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.84/2025, со бр.10-569/7 од 30.04.2025 година и наш арх.бр.04-1680/13 од 02.05.2025 година, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Изработил**
Милена Ѓорѓиевска
**Контролирал/ одобрил**
Николче Гроздановски
**Согласен,**
**Секретар**
**Мирко Ивановски**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**на Општина Кисела Вода**
**Орце Ѓорѓиевски**

Доставено до:
- Именуваниот
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- Агенција за администрација
- Архива